АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ **ЕУРОЛИНК – СКОПЈЕ**

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И   У С Л О В И

## ЗА КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВОТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

**-Пречистен текст-**

### Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за колективно осигурување членови на домаќинството на земјоделски производители од последици на несреќен случај (незгода) - (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за колективно осигурување членови на домаќинство на земјоделски производители од последици на несреќен случај, што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје (во понатамошен текст: осигурувач),

(2) За членови на домаќинство на земјоделски производител се сметаат: брачните другари, нивните деца кои не се во брак, дете во брак со неговото семејство ако земјоделскиот производител живее во неговото семејство, нивните претци (родители, баба и дедо), ако живеат во заедничко домаќинство со земјоделскиот производител.

Под заедничко домаќинство на земјоделски производител се подразбира трајна заедница на лицата погоре наведени, кои живеат заедно и заеднички ги трошат своите приходи. Сродството настанато со посвојување се изедначува со крвното сродство, а вонбрачната заедница што траела најмалку една година се изедначува со брачната.

(3) Договарач на осигурување може да биде претпријатие, здружение или друга организација односно секое правно лице кое има интерес да ги осигурува своите членови и нивните фамилии.

(4) Осигурувањето може да се договори колективно за случај на смрт и за случај на траен инвалидитет од последици на несреќен случај. За сите членови на домаќинството се договараат исти осигурени суми. По овие Дополнителни услови можат да бидат осигурени членови на домаќинството од 7 години до навршување на 80 години живот.

(5) Лицата наведени во став (1) од овој член се осигурени без оглед на нивната задравствена состојба, општата работна способност и без плаќање на зголемена премија во смисла на членот 9 ст. (3) точка 5 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност, кои во секој случај се исклучени од осигурување.

### Член 2 - ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) Обврската на осигурувачот во однос на секој осигурен член на домаќинството почнува во 24,00 часот на оној ден кој е означен во полисата како почеток на осигурувањето.

(2) Обврската на осигурувачот за сите членови на домаќинството престанува во 24,00 часот на оној ден кој е наведен во полисата како истек на осигурувањето, или престанал по некој друг основ.

(3) За лице кое престанало да биде член на домаќинството (мажење, женење и т.н.) во тек на траење на осигурувањето, осигурувањето е на сила до истек на тековната година на осигурувањето.

### Член 3 - ОСИГУРЕНИ СУМИ

Наведените осигурени суми во полисата за еден осигуреник претсавуваат најголем износ на обврската на осигурувачот за поодделен осигурен случај.

### Член 4 - ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

(1) Договарачот на осигурувањето, премијата ја плаќа веднаш и однапред за цела година за сите осигуреници без исклучок, ако не е поинаку договорено.

(2) Ако договарачот на осигурувањето не ја исплати премијата на осигурувањето најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на откупот, за секој ден на пречекорување на рокот осигурувачот ќе засмета затезна камата во висина определена со законски прописи.

## Член 5 - ПРИЈАВА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

Договарачот на осигурувањето, осигуреникот или корисникот е должен на осигурувачот да му го пријави секој несреќен случај што му настанал на осигуреникот - членот на домаќинството во рок предвиден со член 13 од Општите услови и должен е да му ги даде сите потребни известувања заради појаснување на настанатиот несреќен случај.

## Член 6 - КОРИСНИК НА ОСИГУРУВАЊЕ

(1) Ако во полисата не е поинаку определено, корисниците за случај на смрт на членот на домаќинството се одредуваат според член 16 од Општите услови.

(2) За случај на инвалидитет, корисник е самиот осигуреник.

(3) Ако корисникот е малолетно лице, осигурената сума се исплатува на неговите родители односно старатели.

## Член 7 - ОБВРСКА НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 14 ГОДИНИ

Ако поради несреќен случај настапи смрт на осигуреното лице на возраст од 7 до 14 години, осигурувачот е во обврска да исплати на име трошоци за погреб договорената осигурена сума за случај на смрт, но најмногу до износот кој како максимален е утврден со одлука на надлежниот орган на управување на Акционерското друштво за осигурување Евролинк - Скопје.

## Член 8 - ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овие Дополнителни услови важат заедно со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а во колку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

Овие Дополнителни услови ги донесе Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје на својата 3-та редовна седница одржана на 25.02.2003 година со одлука бр. 0202-72/59 со примена од 25.02.2003 година и измените и дополнувањата донесени од Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје на 100-тата седница одржана на 28.12.2020 година со одлука бр. 0202-12357/14 со примена од 01.01.2021

**Скопје, декември 2020**